З А П И С Н И К

Од 9-тата седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево одржана на ден 15.04.2026 година со почеток од 09:00 во просториите на Општина Чешиново-Облешево-сала на Совет.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Чешиново-Облешево г-дин Горанчо Димишков.

Од вкупно 11 Советници на седницата присуствуваа сите 11 советници и тоа: Горанчо Димишков, Александар Саздов, Виктор Нестов, Даниел Гочев, Грозде Митров, Христина Горгиева, Дивна Зафирова, Бранко Стоименов, Влатко Заов, Борчо Гигов и Дарко Стојанов.

На Седницата присуствуваа Градоначалник Јорданче Костадинов, раководител во финансии Ивана Минова-Богданова, Александар Николов-представник од центарот за развој на Источно плански регион, Игор Јанев-раководител во ЈПКД Облешево, Ивана Миленкова Советник за информатичко комуникациска технологија и систем администратор и Записникот го води Емилија Анастасова-Советник ревизор на обука.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков: Почитувани присутни, почитувана јавност, добар ден. Ја отварам 9 тата редовна седница на Советот на Општина Чешиново-Облешево.

Записникот од 8-мата редовна седница го имате пред вас, дали некој бара збор.

Бидејќи никој не бара збор записникот го ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советник** е усвоен ***Записникот од осмата седница.***

И усвојување на записникот на комисија за урбанизам и комунални дејности го ставам на гласање.

Се премина на гласање и со со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Записникот на комисија за урбанизам и комунални дејности .***

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков за работа на 9-тата Седница на Совет на Општина Чешиново-Облешево го предложи следниот:

ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД

1. Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански ргион за 2025 година
2. Годишен извештај за реализација на програмата за развој на Источен плански регион за 2025
3. Предлог-програма за изградба на модуларни станици за третман за отпадни води (1000, 3000 и 5000 жители)
4. ПРЕДЛОГ_ОДЛУКА За избор на проект и сопствено учество во реализација на проект:"Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здраство во Источен плански регион"
5. ОДЛУКА за рушење на објект бр.3, КО Спанчево вон град, КП-5794/1 ИЛ 2009 и приспособување на простор за гробни места
6. ПРОГРАМА за одржување на паркови, заленило и спортско-рекреативни површини во 2026 година
7. Измена на систематизација во ЈПКД Облешево
8. Измена на одлуката за извршување на Буџет на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година
9. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година, за период од 01.01-31.03.2026 година
10. ПРЕДЛОГ за измена и дополнување на Одлуката за основање на општински Совет за социјална заштита бр.08-701/1 од 24.03.2025 година
11. Информација за формирање на Месната самоуправа-основање на Месна заедница во с.Спанчево (записник во прилог)
12. Барање за санирање на покрив од куќа од Мирјанка Димитрова од с.Соколарци
13. Предлози, прашања и барања

Претседател на совет Горанчо Димишков: Отварам претрес по дневниот ред, дали некој бара збор?

Бранко Стоименов: По втор пат се повторува по дневниот ред, од програмата за работа на советот, по втор пат го немаме извештајот за извршување на одлуки донесени од советот на општината за период јануар-март, рок на разгледување април.

Емилија Анастасова: Ќе имаме уште една седница до крајот на месецот.

Претседател на совет Горанчо Димишков: Дали некој друг бара збор?

Грозде Митров: Почитуван градоначалник, почитуван претседателе, почитувани колеги-советници, почитувани вработени во општинската администација, почитувани гости, имам предлог одлука за измена на одлуката за првороденче во Општина Чешиново-Облешево која гласи 6.000 денара да гласи 3.000 денари но на секое новороденче.

Претседател на совет Горанчо Димишков: Благодарам, можеш да ја поднесеш точката во администацијата, да ја разгледат комисиите па да ја ставиме на дневен ред.

Сите советници едногласно го усвоија дневниот ред.

1. Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Александар Николов-представник од центарот за развој на Источно плански регион.

Александар Николов-представник од центарот за развој на Истошно плански регион: Благодарам претседателе, јас прво би ве замолил доколку може, бидејќи се две точки за извештајот за работењето на центарот и за извештајот за реализација на програмата да ги образложам во едно бидејќи содржината е иста.

Почитуван градоначалник на Општина Чешиново-Облешево, почитувани членови на советот на Општина Чешиново-Облешево, најнапред да ви се представам, моето име е Александар Николов-представник од центарот за развој на Источно плански регион. Оваа прилика ја користам да ви ги честитам велигденските празници, да ви посакам успешна работа, здравје и среќа. Предпоставувам дека сите од вас ги имате погледнато материјалите за извештајот за работењето за центарот, за реализацијата на програмата. Предпоставувам дека сите сте запознаети со работата на центарот за развој на Источно плански регион и неговото постоење, неговата суштина. Центарот за развој на Источно плански регион е формиран во 2009 година, врз основа на законот рамномерен регионален развој кој е донесен во 2008 година, што значи дека постоиме 17 години. Можам да ве информирам дека за овие години, од постоењето имаме реализирано над 100 регионални проекти, со кои сметам дека имаме допринесено за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните за целиот источен планиски регион. Во однос на структурата на организационата поставеност на центарот за источен планиски регион, не би должел многу, би спомнал дека сме 4 лица сме координатори за регионален развој, едно лице е координатор за нормативно-правни работи, едно лице има вработено во бизнис центарот и еден е на функција директор. Во однос на проектите од минатата година, бидејќи овде дискутираме за извештај за работењето на центарот и реализација за програмата, наша законска обврска е да секоја година правиме проценка на реализацијата за програмата од предходната година за целиот тој период. Во однос на проектите јас би ги одвоил како структура на проекти дека изворот може да биде од домашен извор на финансирање односно од националниот буџет на Република Македонија и од меѓународни извори на финансирање, овде имаме разни проекти од преку гранична соработка од ипард, имаме од разни можности за финансирање од Европска унија итн. Еве конктерно за предходната година можам за Чешиново-Облешево да напоменам дека го имаме реализирано проектот што се однесува за набавка за камион односно за смет за собирање на смет за потребите на Општина Чешиново-Облешево, набавени се повеќе контињери во најразлични општини, изработени се повеќе анализи итн. Во однос на минатата година можам да информирам дека се одржани вкупно 6 седници на советот

за развој на Источен плански регион и се реализирани вкупно 9 јавни набавки кои ги има спроведено центарот за Источно плански регион. Доколку имате прашања, сугестии, забелешки би бил среќен да ги искомуницираме.

Претседателот на Советот Горанчо Димишков праша дали има прашања.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАН советници** е усвоен ***Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2025 година***

2. Годишен извештај за реализација на програмата за развој на Источен плански регион за 2025

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков: Дали некој бара збор?

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Годишен извештај за реализација на програмата за развој на Источен плански регион за 2025***

3. Предлог-програма за изградба на модуларни станици за третман за отпадни води (1000, 3000 и 5000 жители)

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на градоначалникот Јорданче Костадинов.

Градоначалникот Јорданче Костадинов: Во врска со оваа точка, до вас е доставено предлог-барање за предлог програма за изградба на модуларни станици за третман на отпадни води (1000, 3000 и 5000 жители). Всушност ова е една правна основа за да продолжи процедурата за изработка на проекти. Едноставно работата на советот е да се произнесе дали ја прифаќа оваа предлог-програма односно предлог за изработка на иден и основен проект за техничка документација и други потребни следни чекори за да може да се пристапи кон изградба на вакви станици. Станува збор за станици по европски стандарди кои што се веќе на некој начин прифатливи за сите општини во државата и мисам дека ќе бидат од голема корист и за нашата општина. Ова е само една почетна

фаза од целиот тој проект од кој што советот треба да даде зелено светло за понатамо да продолжи начинот на изградба на вакви прочистителни станици.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Предлог-програма за изградба на модуларни станици за третман за отпадни води (1000, 3000 и 5000 жители)***

4. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА за избор на проект и сопствено учество во реализација на проект: "Регионален центар за згрижување и контола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион"

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Александар Николов-представник од центарот за развој на Источно плански регион.

Александар Николов-представник од центарот за развој на Источно плански регион: Се работи за стационар за кучиња во источниот плански регион. Тој проект помина на предходната седница за развој на источниот плански регион. Пристуствуваа сите градоначалници од 11сете општини на источно планскиот регион. Тој проект е како прв приоритетен проект и за тоа проект веќе имаме поднесено целосна апликација до бирото за регионален развој. Секоја година до бирото за регионален развој нашиот регион има определен фонд на средства за кои ние аплицираме и ги добиваме тие средства. Тие средства доаѓаат според развиеноста на регионот. Најмалку развиениот плански регион, тоа е северо-источниот плански регион Куманово, добива најголем процент на средства а најразвиениот а тоа е Скопскиот регион добива најмал процент. Овој проект е аплициран и очекуваме дека ќе биде одобрен за финансирање. Проектот е составен во 2 фази. Првата фаза е да се изработи физибилити студиа која најпрво ќе покаже која локација е најсоодветна за тој статиционар, колку боксови за кучиња ќе бидат потребни, на кој начин ќе биде менаџирањето на тој стационар и тн. Откако ќе ја добиеме таа физибилити студиа, во наредна фаза ќе распишеме јавна набавка со сите критериуми што треба да бидат опфатени за изработка на техничка документација. Значи овие средства во износ од 5.000.000 и неколку илјади, секоја општина треба да издвои 61.133 денари за кофинансирање. Овде станува збор само за документација за да го изградиме. Откако ќе биде изработена целата документација, ќе бараме средства за изградба на стационар. Вие како совет треба да изгласате одлука за кофинансирање во износ од 61.133 денари. Ако имате некои прашања, повелете прашајте. Инаку, ова ќе биде долгорочен процес. Вакви стационари имаме во Општина Кавадарци и Општина Струмица. Тие се соочуваат со одредени потешкотии и одредени проблеми во функционирањето. Откако стационарот ќе се изгради, секоја општина ќе треба да си одвојува одредени средства за функционирање на тој стационар, бидејчи стационарот ќе има вработени лица, соработка со ветеринарни станици.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Бидејќи ова беше предлог-одлука која што се разговараше на советот на источниот плански регион, каде што и нашата општина е член, и од страна на сите градоначалници едногласно беше констатирано дека ова е една потреба од регионален карактер со која што се засегнати сите општини од

источниот регион и да се пристапи веднаш кон начин за изработка на проект со кој што проект ќе се пристапи кон решавање на еден проблем со кој се засегнати сите општини. Сите општини беа едногласни дека ќе земат учество за овој проект па така и ние како општина се приклучивме кон таа иницијатива и барам од вас како совет да донесеме одлука за да влеземе и ние како дел од тој еден регионален проект за што побрзо решение за проблемот со кучињата скитници.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА за избор на проект и сопствено учество во реализација на проект: "Регионален центар за згрижување и контола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион"***

5. ОДЛУКА за рушење на објект бр.3, КО Спанчево вон град, КП-5794/1 ИЛ 2009 и приспособување на простор за гробни места

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Грозде Митров.
Грозде Митров: Почитуван градоначалник, почитувани советници, месната заедница на село Спанчево одржа состанок, бидејќи во сите села па и кај нас се јавува проблем со немање гробни места. Има стари објекти до гробиштата и ние донесовме одлука тие објети да се срушат и да се направат нови гробни места.
Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа дека ваквото барање од страна на месната заедница беше доставено и до општината и до мене како градоначалник и до службите на општината. Инспекторите излегоа на терен, направија увид, записникот го имате, всушност самата реакција на ова не представува рушење, представува расчистување на веќе руинирани згради на парцелата која што се гробиштата во с. Спанчево и во соработка со новоформираната месна заедница и граѓаните од село Спанчево, општината ќе даде допринос во ова акција нивна. Тоа ќе биде акција од самите граѓани а општината ќе учествува во таа акција со механизација и дополнителни работи кои што ќе бидат потребни за самата механизација за расчистување.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоена ***ОДЛУКА за рушење на објект бр.3, КО Спанчево вон град, КП-5794/1 ИЛ 2009 и приспособување на простор за гробни места***

6. ПРОГРАМА за одржување на паркови, зеленило и спортско-рекреативни повтшини во 2026 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на раководител на ЈПКД Облешево- Игор Јанев.

Игор Јанев: Програмата за паркови, зеленила и сспортско-рекреативни површини во 2026 година е редовна годишна програма која секоја година се донесува на наш предлог од страна на советот. Со оваа програма се утврдува активностите потребни за одржување на оваа дејност косење, наводнување, кастење, садење, нега на дрвца, чистење на јавни површини, одржување на патишта и банкини итн. Временската рамна на програмата е во траење на 6 месеци. Финансиската конструкција е дадена во финален износ и изнесува околу 1.096.500 денари. Ние секој месец доставуваме во општината ситуации со опсек на извршените работи и финансиска цена затоа колку се работи и колку кошта. Ако имате прашања повелете.

Бранко Стоименов: Ова што ќе ве праќам не е врзано со точката туку е врзано со ЈПКД. Прво што мене ми паѓа во очи, гледам сега овие комбињата покрај патот, знаејќи ја состојбата финансиска на ЈПКД мислам дека би било добро покрај патот да се стави по некоја тезга, секој ден, и тоа да се плаќа. И како идеа ми е авто пазар-додатни приходи. И имам уште едно прашање до вас. Кај одредени луѓе не се собира смет, немат задолжено канта а имат опомена пред тужба.

Игор Јанев: За првото прашање не се согласувам. Продажните места на кои може да се продава роба која е присутна на пазарите се регулирани со Одлуката за комунален ред и во тој смисол локацијата наменета за таа работа каде што смее да се врши таква активност единствено е пазарот. Ние имаме ситуација кога е пазароен ден, надвор од пазарот, се изложуваат тие инпровизирани тезги што представува комунален прекршок и мислам дека тоа е предмет на комуналниот инспектор.Комбињата кои се паркирани сезонски, представуваат посебен проблем затоа што тука престојуваат и по цели недели, нанесуваат штета на јавната хигиена, не се регулирани на никој начин и не е дозволена активност. А во делот на приходите тоа би било само симболично. А за вториот дел на прашањето за авто-пазар, многу оддамна е имало ваква идеа, во денешни услови кога имаме авто-плацови има на секој чекор не знам колку би било изводливо. И за третиот дел, за опомените, ние имаме законска обврска и системски пустие тужби. Но мораме да си ги пребираме сосптвени приходи. Корисникот за кој станува збор, не можеме да отстапуваме затоа што ние имаме јасен критериум по кој ги задолжуваме корисниците за смет.Ова е јавна дејност и не може да биде селективна.

Бранко Стоименов: Јас морав да го прашам ова прашање, малку ми беше нелогично.

Игор Јанев: Ова е врз закон и врз одлука.

Грозде Митров: Почитуван директоре, кантите за губре беа донација и сите немаат канти.Ако не, задолжите ги со канти.

Игор Јанев: Кантите не се задолжителни , кантата е индивидуална опрема. Кантата си ја набавува секој.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **11 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***ПРОГРАМА за одржување на паркови, зеленило и спортско-рекреативни повтшини во 2026 година.***

7. Измена на систематизација во ЈПКД Облешево

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Игор Јанев-Раководите на ЈПКД Облешево.

Игор Јанев-Раководите на ЈПКД Облешево: Овде се работи за ажурирање на систематизацијата или суштинска измена и допуна. Систематизацијата која е сега на сила е донесена кога стапи на сила новиот закон за административни службеници и вработени во јавен сектор а тоа е од 2016 година и од тогаш навамо не е менувана. Во меѓувреме потребите се менуваат, структурата, вработените се менуваат и практично имаме еден расчекор помеѓу постоечките позиции и реалните задачи кои ги тие извршуваат. Имаме новоотворено место управивач со скип-багерист, очекуваме и второ комунално возило и ќе отвориме ново место. Има места кои се укинуваат затоа што реално никогаш не се биле функционални.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоен ***Измена на систематизација во ЈПКД Облешево.***

8. Измена на одлуката за извршување на Буџет на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ивана Минова-Богданова раководител во финансии: За точката за извршување на Буџет за 2026 година имаме некои забелешки од страна на Министерството и мора да ги изменеме. Значи тоа е бројот на членот место 29 да се замени со 28, наместо вкупни приходи, приходи од дехицид со суфицид, и некои такви технички грешки и треба да се донесе нова одлука.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се преминува на гласање и со **7 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 4 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***Измена на одлуката за извршување на Буџет на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година***

9. Извештај за извршување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година, за период од 01.01.-31.03.2026 година

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков даде збор на Ивана Минова-Богданова раководител во финансии: Извештај за извршување на буџетот за првиот квартал од вкупно планирани приходи во буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година имаме планирани 165.504.529 а наплатени се 36.815.085 што представува извршување од 22 % Од вкупно планираните расходи на буџетот на Општина Чешиново Облешево 166.504.529 а извршени се 49.980.090 што представува извршување од 30% Моменталниот долг е 26.395.000 кредитот што требаше да се плати во март сеуште не е платен.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **7 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 4 ВОЗДРЖАНИ советници** е усвоено ***Извештај за извршување на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево за 2026 година, за период од 01.01.-31.03.2026 година***

10. ***ПРЕДЛОГ за измена и дополнување на Одлуката за основање на општински Совет за социјална заштита бр.08-701/1 од 24.03.2025 година***

Претедателот на совет Горанчо Димишков даде збор на градоначалникот Јорданче Костадинов.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа дека од предходниот совет оваа комисија што е била формирана, на дел од членовите во тој општински совет за социјална заштита и е завршен мандатот, како градоначалник предлагам двајца нови лица кои ќе бидат членови на оваа комисија а тоа се вработени во двете училишта како дефектолог и психолог, магдалена Спасова Лазарова –дефектолог во ООУ Климент Охридски Облешево и Кети Филипова-психолог во ООУ Страшо Пинџур. Мислам дека овие кадри се најсоодветни за оваа комисија и затоа ги предлагам овие две лица за комисјата за социјална заштита.

Бидејќи никој од советниците не се јави за збор, се премина на гласање и со **10 гласа ЗА, НЕМА советници кои гласаа ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН советник** е усвоено ***ПРЕДЛОГ за измена и дополнување на Одлуката за основање на општински Совет за социјална заштита бр.08-701/1 од 24.03.2025 година***

11. ***Информација за формирање на Месна самоуправа-осноаање на Месна заедница во с. Спанчево***

Грозде Митров: Месната заедница од с. Спанчево, граѓаните од с. Спанчево на 21.03.2026 година одржаа состанок на кој беше присутен и градоначалникот и доволен број на граѓани за избор на претседател и членови на Месната заедница.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Да надополнам дека и јас бев пристутен и иницијативата е од самите нив. За претседател беше избран Тони Трендафилов и членови на советот: Антонио Стојанов, Борче Наков, Лазе Петров, Даниел Миладинов, Дејан Петров, Владимир Миладинов, Борце Монев, Оливер Минов, Дејвид Стојмилов, Горан Илиов и Владимир Миладинов. Апелирам и на останатите месни заедници да го следат овој пример и да пристапат кон избор на вакви телаи ќе ја подобрат комуникацијатаво населеното место. Секако дека општината ќе биде дел од сите активности и ќе ги подржува.

12. ***Барање за санирање на покрив од куќа од Мирјанка Димитрова од с.Соколарци***

Градоначалник Јорданче Костадинов: Лице беше дирекно дел од разговорите со мене како градоначалник, со барање дека има потреба како социјално ранлива категорија за пристапување кон санирање на покривот од нејзината куќа кој што е во лоша состојба. Во меѓувреме тоа барање е подкрепено со излегување на службите на лице место и ги констатираа тие реални лоши состојби на објектот во кој што живее оваа личност. Но со цел да правиме еднаков пристап кон сите граѓани на општината, јас би апелирал до вас како советници да апелираме до ваквите граѓани да не ја оптеретиваат општината и советот со барања кои што се однесуваат на поедини личности од населените места. Затоа јас предлагам конкретно за овој случај, имам разговарано со општествено одговорни компании кои што се спремни да помагаат. Затоа нема да го отфрлиме ова како барање туку да го предложиме за реализација за донациија.

Грозде Митров: Сакам да се надоврзам со дискусијата на градоначалникот и да го подржам во неговото излагање. Ваквите случаеви општината не е надлежна да ги решава.

Претседател Горанчо Димишков: Предлагам ова барање да го повлечеме од дневен ред.

13. ***Предлози, прашања и барања***

Претседател Горанчо Димишков: Кој има прашања.

Влатко Заов: Почитувани, предлагам 3-те деца кои загубија по еден родител во пожарот во Пулс да бидат целосно ослободени од плаќање за градинка. Да и помогнеме во овој најтежок период на нивните семејства.

Градоначалник Јорданче Костадинов: Со оглед на тоа дека во овој момент немам точни информации за тоа за колкав број на деца станува збор, се разбира дека ние во неколку наврати имавме одлука во смисла на тоа да пристапиме за сочуство на сите настрадани во дискотеката Пулс и многу неблагодарно е да ставаме знак прашалник

дали треба или не треба да и се помага. Прифатливо е барањето и ќе мора од службите на општината да дознаеме точни податоци.

Бранко Стоименов: Прашање до градоначалникот. Градоначалник во една прилика на една од електронските медиуми имаше дека потпишувате договори со министер за пренамена на амбулантата во детска градинка. Прашањето ми е во чива сопственост е амбулантата?

Градоначалник Јорданче Костадинов: Благодарам советниче на прашањето и добро е вака да бидат прашањата на јавни седници и да можеме да ги расчистуваме а не преку социјалчните мрежи каде што одредена категорија на луѓе гледам дека сакат да направат самопопулација или промоција но сигурен сум дека тоа граѓаните го препознаваат. Овој објект што вие како советник го нарекувате амбуланта, не е амбуланта, туку е објект во сопственост на општината како и многу други објекти во самата општина. И на предходните совети е предложен како локација и можност за проширување на капацитетите на градинката. Овој објект е во составен дел или сопствен објект на постоечката градинка во населеното место облешево и е проценет како најдобар објект на кој што може со најмали инвестиции да се направи проширување на капацитетот на градинката.

Претседателот на Советот, Горанчо Димишков:Ја затворам 9-тата редовна седница.

Советот заврши во 10:20 часот.

Записничар *Претседател на Совет*

Емилија Анастасова *Горанчо Димишков*

_____ М.П. _____